# Мисони

ОД ЗАНАЕТЧИСКА РАБОТИЛНИЦА ДО МОДНА ИМПЕРИЈА

Доц. д-р Силвана Жежова
Доц. д-р Сашка Голомеова Лонгурова



Отавио „Таи„ Мисони италијански дизајнер (11.02.1921- 09.05.2013).

- Национален првак во атлетика на 400 метри со пречки.
- За време на Втората светска војна во служба на италијанската војска, завршува како заробеник во логор во Египет.
- Со негов пријател Џорџо Обервегер, започнуваат бизнис за изработка на плетена спортска облека.
- Во 1948 г., е дел од италијанскиот национален тим  на Олимписките игри во Лондон.



Росита и Отавио Мисони

1953 г., плетачка работилница во Галарете

1958 г., „Milano – Sympathy“ во Ла Ринашенте

1962 г., Цик- цак (шеврон) дезен

1966 г., првото *модно шоу* во театар Џероламо

1967 г., првиот дуќан во Милано







Дизајни од колекцијата на ,,Мисони“, 1966


Мисони '70
Missoni '90
Мисони '80
Мисони 2010
Мисони 2018
Мисони '21

# Производен процес на модната компанија „Мисони“

СУРОВИНИ
- Волна
- Свила
- Памук
- Вискоза

ТЕХНОЛОШКИ ПРОЦЕС
- Плетење
  - Рашел машина

ШАРИ
- Пруги
- Цик - цак
- Жакард
- Пламен



„Јас ги споредувам боите со музиката: само седум ноти, а сепак се создадени безброј мелодии“. - *Отавио Мисони*



## Пруги

Првите колекции кои ги работат за други трговски куќи и нивната прва колекција од 1958 година е изработена од лесни плетенини со шари од пруги. На машините кои ги имале на располагање од семејството на Росита можеле да плетат само плетенини со линии.

Пругите се навидум случајно распоредени линии во различни бои, но всушност секое дизајнирање и формирање на шарата претставува сложен процес, кој вклучува истражување, комбинирање, проектирање и сл.



## Цик-цак шара

Во 1962 година, се раѓа идеата за познатата цик-цак (шеврон) шара по која се и денес препознатливи.
Со користење на Рашел плетачка машина, создаваат плетенини со шарени цик-цак линии што личат на вез и употребувајќи преѓи во различни бои и тонови се постигнува таканаречениот визуелен „виножито“ ефект.
Првата цик-цак шара се појавува во колекцијата Мисони есен/ зима 1966 година лансирајќи вистински тренд со хипнотичка моќ кој станува заштитен знак на брендот „Мисони“.




## *Жакард*

Во историјата на Мисони, кошулите во жакард преплетка се секогаш составен дел од колекциите. Користејќи преѓи во различни бои, со оваа техника се создаваат вистински плетени апстрактни слики, кои ја карактеризираат модата диктирана од Мисони.



## Дезен ,,Пламен“

Во втората половина од ’60те, ги создаваат плетенините со дезен на „пламен“, кои ќе станат естетски код на модната куќа Мисони. Суштината на техниката на добивање на овој дезен е во боењето на преѓите. Делови од преѓа во форма на канура се потопува во различни бои и нијанси. Потоа кога преѓата ќе се исплете во плетенина, се добиваат редови во различни нијанси и бои кои формираат обоени повторувачки сегменти.







Традиционален костим од Перу

## Инспирација

Најголем дел од својата инспирација Отавио Мисони ја црпи од народната уметност. Елементите од неговите шари, бои, геометриски форми се наоѓаат во културите на многу народи. Низ шарите на неговите плетенини се заблежуваат етнички и народни влијанија.





## Иновативност

„Никогаш не сум го работел тоа што било во мода, или баш тоа што било во тренд. Креирав така како што сум си замислувал, и случајно модата тоа го препозна. Никогаш не сум ни замислувал дека  работите ќе се одвиваат на овој начин“- Отавио Мисони.

“ Со моите дизајни се облекувам јас и ја облекувам и  мојата ќерка, но никако не заборавам дека треба да ја облечам и мојата мајка”- Анџела Мисони.

.










## Модни линии на „Мисони“ брендот

- Модна линија за жени
- Модна линија за мажи
- Поевтина линија М Мисони
- Модна линија за деца
- Линија за внатрешен ентериер Мисони (MISSONI HOME)



Внатрешен ентериер уреден со производи од брендот „Мисони“





Производи за опремување на домот во различни дезени

# Културно-социолошко влијание на брендот ,,Мисони“

Филозофијата на Мисони е занает, квалитет и автентичност поврзани со иновација, фантазија и креативност. Денес брендот „Мисони“ е еден од најценетите амбасадори на италијанската мода и италијанскиот дизајн низ целиот свет.

- хотел Мисони во Единбург, Шкотска (2009 год.) и хотел Мисони во Кувајт (2011 год.)












Хотел „Мисони“ Единбург, Шкотска








Хотел „Мисони“ Кувајт



„Мисони“ дизајн за „Адидас“



„Мисони“ дизајн за „Конверс“



„Мисони“ дизајн за бебешка опрема „Бугабо“



„Мисони“ дизајн за спортска опрема „Пигл “

Со својата пионерска разнобојна естетска визија, „Мисони“ брендот продолжува да влијае на современиот начин на живот.

Брендот „Мисони“ е стил на живеење.
Со својот уникатен стил кој е безвременски, несомнено ќе продолжи да револуционизира и инспирира во иднина.